USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

eGov Project

# Електронски систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти - EXIM

**www.exim.gov.mk**

## Цел

Софтверската апликација за дозволи за увоз/извоз и квоти радикално ќе го олесни процесот низ кој претпријатијата мора да минуваат за да ги добијат дозволите или квотите кои им се потребни за работењето. Апликацијата е дел од едношалтерскиот системот за преминување на границите кој е поддржан од Владата и поради тоа, се предвидува да стане значаен олеснувач за деловната заедница.

## Функции на апликацијата

EXIM е единствен портал кој им овозможува на претпријатијата да поднесуваат барања и добиваат дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки по електронски пат, од сите владини институции кои се дел од процесот на меѓународна трговија. Покрај дозволите, преку EXIM претпријатијата можат да аплицираат за тарифни квоти кои се дистрибуираат по принципот "прв дојден, прв услужен". Системот го следи процесот на издавање и употребата на дозволите и квотите и им дава информации за резултатите на институциите и претпријатијата.

## Корисници

Употребата на EXIM е задолжителна за Царинската управа на РМ и за петнаесет владини институции, додека за деловната заедница е опционален.

## Посебни придобивки

- Систем кој е на располагање 24 часа, 7 дена во неделата.
- Заштеди во време и пари поради електронското поднесување на барањата
- Зголемена ефикасност во работењето на институциите на издавање на дозволите
- Стандардизирани и унифицирани податоци кои во иднина може лесно да се разменуваат
- Електронско следење на издадените дозволи
- Електронско аплицирање и транспарентен процес на дистрибуција на тарифни квоти

## Статус

Системот е пуштен во употреба во ноември 2008 година и оттогаш бројот на неговите корисници постојано расте. Проектот за е-Влада и Царинската управа планираат развивање на нови модули кои дополнително ќе ги зголемат функционалностите на EXIM. Се очекува новите модули да бидат завршени во 2010 година.

**www.eGov.org.mk**

Проект е-Влада
Дане Крапчев 18
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3231 104
Факс: +389 2 3220 636

info@eGov.org.mk